Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-17/2
8.5.2025, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда", финансиран од Европската Унија во рамки на ИПА III EIDHR-EU-NDICI-THE-NEAR /2024/461-234, врз основа на Договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права бр. 0307-65/1 од 25.11.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПРОЕКТНА ЗАДАЧА 3/2025

за ангажирање на експерти за изработка на анализа

I. НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ

„Иницијатива за административна социјална правда"

II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Број на предвидени работни денови: 35 по експерт
Почеток на договорот: мај 2025
Крај на договорот: октомври 2025
Место: Скопје

III. ПОЗАДИНА

Општата цел на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" е да се подобри пристапот до социјалната правда во административни процедури, особено за најмаргинализираните граѓани. Специфичните цели на проектот се:

1. Да се поддржи собирањето податоци засновано на докази за да се овозможат подобри политики кои ги штитат социјалните права во управните постапки;
2. Да се охрабрат маргинализираните заедници да ги заштитуваат своите социјални права во административните постапки;
3. Да се зголеми знаењето кај различните засегнати страни за меѓународните стандарди од областа на управните постапки за постигнување на социјална правда.

Проектот е финансиран од ЕУ, во рамки на IPA-EIDHR-EU-NDICI-THE-NEAR /2024/461-234 програмата за човекови права и демократија и се спроведува од јануари 2025 година до декември 2026 година.

Институтот за човекови права (ИЧП) е главниот спроведувач на проектот и е здружение на граѓани лоцирано во Скопје, основано во 2009г. со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите, организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање,

гарантирање и заштита на човековите слободи и права. ИЧП ги остварува своите активности во соработка со државни органи и институции, граѓански организации од земјата како и регионални и меѓународни институции и организации од областа на заштитата на човековите права.

IV. ЦЕЛ НА ЗАДАЧАТА

Генералната цел на задачата е подготовка на сеопфатна анализа врз основа на собраните податоци во областа на административната правда поврзана со социјалните права, особено во областите на социјалната заштита, пензиските права, здравственото осигурување, и други сродни области. Целта е преку применливи методолошки алатки и пристап, заснован на постојната *Методологија за собирање податоци за административна социјална правда*,[1] да се идентификуваат системските празнини, предизвици и степенот на примена на домашната и меѓународната правна рамка.

Анализата има за цел да овозможи длабинско разбирање на функционирањето на управната правда во заштитата на социјалните права, да утврди каде и зошто доаѓа до повреда на правата на граѓаните, и врз основа на тоа да понуди препораки за подобрување на административните процедури и практики во согласност со стандардите на владеење на правото и социјална правда.

Конкретно, за оваа задача ќе бидат ангажирани двајца експерти кои врз база на *Методологијата за собирање податоци за административна социјална правда* ќе траба да направат анализа на одлуки на Управниот суд кои се однесуваат на социјални права, Законот за општа управна постапка, Законот за управни спорови во конкретни предмети, меѓународни стандарди и пракса за административна социјална правда и нивна примена во домашниот контекст. Врз основа на анализата и на идентификуваните правни празнини, повторувачки практики и типични повреди на постапката, експертите ќе треба да изработат заклучоци и препораки за унапредување на правната заштита на социјалните права во управните постапки.

Задачи и обврски:
Во координација со проектниот координатор и тимот на Институтот за човекови права (ИЧП), двајцата експерти ќе бидат задолжени за следните задачи:

- Разработка на детална методологија за анализа, базирана врз Методологијата за собирање податоци за административна социјална правда;
- Анализа на одлуки на Управниот суд кои се однесуваат на социјални права, со цел идентификација на правни празнини, повторувачки практики и типични повреди на постапката;

[1] *Методологијата за собирање податоци за административна социјална правда* беше изработена во месец април во рамки на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" и ќе им биде доставена на експертите пред започнување на задачата.

- Анализа на примената на Законот за општа управна постапка и Законот за управни спорови во конкретни предмети;
- Преглед и анализа на меѓународни стандарди и пракса за административна социјална правда и нивна примена во домашниот контекст;
- Изработка на заклучоци и препораки за унапредување на правната заштита на социјалните права во управните постапки.

Работата ќе се смета за финална само откако ќе биде одобрена од ИЧП.

V. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Од ангажираните експерти се очекува да ги испорачаат следниве резултати:

Резултати	**Прелиминарен датум**
1. Методологија	30 јуни
2. Содржина и предлог поглавја	31 јули
3. Првична верзија на анализата	30 септември
4. Финална верзија на анализата	31 октомври

Начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено на две рати. Првата рата (50%) ќе биде исплатена откако експертите ќе ја достават првичната верзија на анализата, а втората рата (50%) ќе биде исплатена по завршување на задачата и доставување на финална верзија на анализата.

VI. ЛОГИСТИКА

За спроведување на активностите од страна на проектниот тим на ИЧП ќе биде обезбедена следнава поддршка:

- ИЧП проектен координатор – достапен во текот на целата задача;
- Во функција на успешно извршување на задачата на експертите ќе им биде ставена на располагање сета потребната документација со која располага ИЧП, вклучително и *Методологијата за собирање податоци за административна социјална правда* која беше изработена во месец април во рамки на проектот „Иницијатива за административна социјална правда".

Експертите ќе работат во координација и под директен надзор на проектниот координатор и, по потреба, со поддршка од проектниот тим. Тие ќе бидат во редовна комуникација со проектниот координатор во канцеларијата на ИЧП или преку е-маил. Целата комуникација и документите ќе

треба да бидат подготвени на македонски јазик. Материјалните и другите права за нарачаното дело се пренесуваат на ИЧП (вклучувајќи и без ограничување права на дистрибуција, печатење и копирање на делото), со јасно наведување на авторството.

VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Временската рамка за реализација на услугата е во период од мај до октомври 2025 година. Детализниот план за работа ќе биде дополнително креиран во договор со сите членови на тимот.

VIII. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА И ПАТУВАЊЕ

Местото на извршување на задачата ќе биде одредено од страна на експертите. Службени патувања не се предвидени согласно проектната активност.

IX. ВЕШТИНИ

- Искуство во подготовка на правни анализи, истражувања и трудови во областите на административно право или социјални права.
- Познавање на националниот и меѓународниот правен и институционален контекст.
- Способности за аналитичко размислување, известување и пишување.
- Добра организација на времето и исполнување на поставените рокови.

X. КВАЛИФИКАЦИИ НА ЕКСПЕРТИТЕ

Образование

- Минимум завршени студии од втор циклус на високо образование во област на правото, политички науки, јавна администрација или други релевантни области (300 ЕКТС или четиригодишно високо образование, т.н. „стара програма", со 240 ЕКТС).

Искуство

- Најмалку 5 години работно искуство во областа на административното право и/или административна социјална правда.
- Најмалку 5 година работно искуство во областа на меѓународните административни стандарди.
- Изработени најмалку 3 слични продукти во областа на административното право и/или административната социјална правда.

XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

Изборот на понудувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со понудувачот чија понуда:
а) Е соодветна и прифатлива и
б) Ќе освои најголем број на поени согласно следниве критериуми:

- Квалитативни критериуми: 70%
- Финансиска понуда: 30%

За **финансиската евалуација** ќе се земат предвид само понудувачите кои ќе добијат минимум 49 поени во квалитативната евалуација.

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
број на бодови = (најниска понудена цена x максимален број на бодови) / цена на понудата

Квалитативна евалуација:

Критериуми	**Максимум поени** **70**
Образование Студии од втор циклус = 15 поени Студии од трет циклус = 20 поени	20
Искуство – административно право 5 години = 14 поени Од 5 до 10 години = 17 поени Повеќе од 10 години = 20 поени	20
Искуство – меѓународни стандарди 5 години = 14 поени Од 5 до 10 години = 17 поени Повеќе од 10 години = 20 поени	20
Слични продукти 3 слични продукти = 6 Од 3 до 6 слични продукти = 8 Повеќе од 5 слични продукти = 10	10

XII. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Заинтересираните понудувачи се поканети да ги достават следните документи:

- CV со фокус на потребната квалификација и искуство;

- Минимум 3 примери на претходно изработени слични продукти (релевантните продуктите мора да се прикачат во прилог на понудата во pdf формат или да се прати линк до продуктот); и
- Финансиска понуда во следниот формат:

Опис на услугата	**Цена во бруто износ**
Еден експертски ден	